Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8, член 20 став 1 алинеја 11[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21, 183/23 и 55/24), а во врска со член 60 став 4 од истиот Закон, согласно член 15 став 1 алинеја 7 и член 39 став 1 алинеја 11 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-2697/4 од 13.06.2024 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на својата 26та седница одржана на 12.06.2024 година, донесе:

# НАЦРТ - ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЕМИТУВАЊЕ ЕВРОПСКИ АУДИОВИЗУЕЛНИ ДЕЛА И ДЕЛА ОД НЕЗАВИСНИ ПРОДУЦЕНТИ

## Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за емитување аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14), во понатамошниот текст: Правилникот.

## **Член 2**

Во насловот на правилникот, се брише зборот „ЕМИТУВАЊЕ", по што гласи: ПРАВИЛНИК ЗА ЕВРОПСКИ АУДИОВИЗУЕЛНИ ДЕЛА И ДЕЛА ОД НЕЗАВИСНИ ПРОДУЦЕНТИ.

## **Член 3**

Во член 1, став 1 после зборот „продуценти" се додаваат зборовите „како и начинот на кој давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање ќе ги обезбедат уделот и видливоста на европските дела во каталогот на програми, отстапувањата од оваа обврска и документите што треба да се достават во Агенцијата".

## **Член 4**

Членот 2 – "Дефиниции" се менува и гласи:

Одделни изрази употребени во овој Правилник го имаат следново значење:

1. Европски аудиовизуелни дела се делата што се дефинирани во член 3 став 1 точка 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а кои потекнуваат од држави членки на Европската унија, од трети европски држави

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

потписнички на Конвенцијата за прекугранична телевизија на Советот на Европа или се произведени во рамки на договори кои се однесуваат на аудиовизуелниот сектор, склучени меѓу ЕУ и трети земји;

2. Македонски аудиовизуелни дела се делата изворно произведени од државјани на Република Северна Македонија на македонски јазик, како и делата изворно произведени од државјани на Република Северна Македонија на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, како и делата на културното наследство во Република Северна Македонија;
3. Дела на аудиовизуелното културно наследство во РСМ се аудиовизуелни добра и фонотечни добра кои претставуваат културно наследство на РСМ и кои се наменети за јавно прикажување;
4. Аудиовизуелни дела од сопствено производство се дела создадени по иницијатива и во организација на самиот радиодифузер, дела нарачани од радиодифузерот (нарачана продукција) или произведени во копродукција.
5. Независен продуцент е физичко или правно лице кое нуди продукција на аудио или аудиовизуелни дела, под услов:
   - да нема учество во капиталот на радиодифузерот повеќе од 25% и
   - радиодифузерот да нема учество во капиталот на продуцентот.
6. Каталог е распоред на аудиовизуелни медиумски содржини во база на податоци на начин на кој тие се достапни за корисниците.

## Член 5

Членот 3 - "За кои сервиси не важи обврската" се менува и гласи:

Обврската да обезбедат застапеност на европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, не се однесува на:

- телевизиските програмски сервиси исклучиво посветени на вести, спортски настани, игри, рекламирање, телешопинг и телетекст услуги и
- сите телевизиски програмски сервиси на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, со исклучок на Македонска телевизија - Прв програмски сервис, за кој важи оваа обврска.

## Член 6

Членот 4 - „Што не се смета за европски аудиовизуелни дела" се менува и гласи:

Во европски аудиовизуелни дела влегуваат сите видови програми емитувани од радиодифузерот, освен вестите или телевизиските дневници; спортските настани; игрите (со исклучок на квизовите); преносите или снимките од седниците на органите на власт; преносите или снимките од општествено-политички настани; инфо-сервис; програмите со

хороскоп, тарот, јасновидци или толкување соништа; музичките спотови; и содржините што не подлежат на класификација утврдени во точка 17 од Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми[2] (аудиовизуелни комерцијални комуникации; објави на радиодифузерот во врска со неговите сопствени програми; соопштенија од јавен интерес; апели за добротворни цели; интермецо; верски програми, служби и проповеди; програми за физичка култура и рекреација; и најавни и одјавни шпици, џинглови и авизо).

**Член 7**

По членот 3 се додава нов член 3-а кој гласи:

„(1) Обврската од член 60, став 1 од Законот нема да се применува на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање со мал обрт, односно чиј вкупен приход остварен од обезбедување на аудиовизуелни медиумски услуги по барање во претходната календарска година бил помал од 5 000 евра во денарска противвредност или со мала гледаност односно:

- чиј просечен број на активни корисници во претходната календарска година бил помал од 1 000, кога станува збор за услуга по барање што се користи врз основа на поединечно плаќање за секоја медиумска содржина (TVOD);
- чиј просечен број на активни претплатници во претходната календарска година бил помал од 1 000, кога станува збор за услуга по барање што се користи врз основа на месечна претплата (SVOD),

(2) Просечниот број на активни корисници од став 1 алинеја 1 од овој член се пресметува како просечен број на единствени корисници кои навистина изнајмиле видео содржини во текот на календарската година.

(3) Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање кои сметаат дека ги исполнуваат условите од ставот 1 од овој член, должни се најдоцна до 31 март во Агенцијата да доставaт барање за изземање кон кое ќе приложат завршна сметка и/или релевантен доказ за бројот на претплатници во претходната година.

(4) Кон барањето за изземање потребно е да достави и изјава заверена на нотар со која одговорното лице под целосна кривична и материјална одговорност потврдува дека податоците наведени во барањето се точни.“

**Член 8**

По членот 5 се додава нов член 5-а **„Начин на обезбедување на уделот и на видливоста на европски аудиовизуелни дела во каталогот на програми“** кој гласи:

---

[2] Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми е објавено во „Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14

„(1) Уделот на европски дела во каталозите на програми на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги на барање под јурисдикција на Република Северна Македонија треба да биде најмалку 30%.

(2) При пресметката на уделот на европските дела во каталогот нема да се земаат предвид аудиовизуелните содржини наведени во член 6, како и порнографските содржини.

(3) Уделот од став 1 се пресметува врз основа на бројот на насловите на аудиовизуелните дела во каталогот на програми, при што еден наслов претставува:

- секој поединечен филм,
- поединечните филмови од иста филмска франшиза, и
- една сезона од телевизиските серии и другите формати што се прикажуваат во серија.

(4) Уделот од ставот 1 давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да го остварат во просек во текот на една календарска година.

(5)Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни европските дела да ги истакнат на насловната страница на каталогот на програми.

(6) Соодветна видливост на европските дела во каталогот на програми може да се обезбеди на некој од следните начини:

- посебна категорија во каталогот на програми означена како „европски дела",
- можност за пребарување на европските дела преку алатките за пребарување што ги нуди услугата,
- посебна маркетинг или промотивна кампања на европските дела, или
- други иновативни начини што ги овозможува самата услуга на барање и алатките за користење и пребарување што им ги нуди на корисниците

**Член 9**

По членот 8 се додава нов член 8-а **„Обезбедување податоци и документи за уделот на европски дела во каталогот на програми"** кој гласи:

(1) Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни најдоцна до 31 март во тековната година, во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достават извештај за постигнатиот удел на европски дела во каталогот на програми во претходната година. Извештајот го доставуваат на образецот кој е составен дел на овој Правилник.

(2) Во случаите кога постои сомневање за правилно утврдено потекло на одредено аудиовизуелно дело, давателите на аудиовизуелни медиумски слуги по барање се должни во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да достават докази и образложение на причините заради кои се смета дека тоа аудиовизуелно дело претставува европско дело. Како докази се сметаат договори за дистрибуција на аудиовизуелното дело со имателите на права, и веродостојни бази на податоци, како што се базите на податоци на Европската аудиовизуелна опсерваторија.

(3) Најдоцна до 31 јануари во тековната година, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да ја известат Агенцијата за аудио и аудиовизуелни

медиумски услуги за начинот на кој ќе обезбедуваат соодветна видливост на европските дела во каталогот на програми. За секоја промена на начинот на обезбедување соодветна видливост на европските дела, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги се должни веднаш да ја известат Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

(3) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги може да побара увид во каталогот на програми во секое тромесечје, при што давателите на аудиовизуелни медиумски услуги се должни податоците да ги достават на обрасците предвидени со овој Правилник и да приложат релевантни докази со кои ќе ги поткрепат податоците.

**Член 10**

Во останатиот дел Правилникот за емитување аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти не се менува.

**Член 11**

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за емитување аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14) влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија" и истиот ќе се објави на веб страната на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

______________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

# ОБРАЗЕЦ
# ЗА ЕВРОПСКИ АУДИОВИЗУЕЛНИ ДЕЛА ЗА ________ ГОДИНА

______________________________________________

**(назив на давателот на аудиовизуелна медиумска услуга по барање)**

## I. Збирен извештај

| | |
|---|---|
| 01.01 – 31.12 | |
| | Број на наслови |
| Европски аудиовизуелни дела | |
| Вкупен број на наслови во каталогот | |
| Удел на европски дел во каталогот (во%) | |

## II. Поединечен извештај

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број во каталогот | Наслов во каталогот | Оригинален наслов | Година на производство | Категорија<br>(филм или серија; доколку е серија да се наведе која сезона е и бројот на епизоди) | Земја на потекло | Продуцент<br>(ако има повеќе, да се наведат сите продуцентски компании) | Држава во која е седиштето на продуцентската компанија<br>(ако има повеќе, да се наведе податок за секоја продуцентска компанија) |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

## III. Во прилог на Извештајот задолжително да се достави каталогот на содржини